Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16)изготвен е

# ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА СТУДИЈА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ-ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА КОЧАНИ

Јавната расправа се одржа во просториите на општина Кочани на ден 07.04.2017 (петок) со почеток во 12:00 часот.Од Министерството за животната средина и просторно планирање и претставници од беа присутни г-дин Александар Петковски, Сашо Илиев, Светлана Глигорова, Владо Атанасовски и Ирена Николоска. Од страна на изготвувачот на Студијата за оценка на влијание врз животната средина беа присутни г-ѓа Менка Спировска и г-ѓа Ана Десподовска, како и претставници на изработувачот на Физибилити студијата и идејните проекти-„ЕБП консултант“, како и изработувачот наосновните проекти и иден изведувач на Проектот-„WTE Wasertechnicr“. На јавната расправа присуствуваа заинтересирани граѓани, невладини организација, претставници на општината и ЈП Водовод.

Расправата ја водеше г-дин Александар Петковски, со следниот дневен ред:

1. Претставување на причината за одржување на јавната расправа и дотогаш реализирани чекори во ОВЖС постапката;
2. Претставување на учесниците;
3. Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
4. Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
5. Затварање на јавната расправа.

По завршување на првите две точки збор и беше даден на г-цаАна Десподовска дипл. еколог-овластен експерт за оценка на влијанијата врз животната средина, да ја презентира Студијата за ОВЖС и социјалните аспекти од реализација на Проект-изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Кочани.

Презентацијатазапочна со опис на процедурата за оценка на влијание на проектот врз животната средина и содржината на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина.

Во текот на презентацијата беше даден посебен осврт наразгледуваните алтернативни опции, очекуваните влијанија врз животната средина од реализација на проектот и предвидените мерките за надминувања на истите.

По завршување на презентацијата беше отворена дискусија на која земаа збор присутните на јавната расправа.

**Прашање/констатција:**

Г-динот Александар Петковски (МЖСПП): За што ќе се користи биогасот што ќе се добива при третманот?

**Одговор:**

Г-ца Ана Десподовска („ДЕКОНС-ЕМА“): Биогасот ќе се користи за добивање електрична енергија за потребите на идната ПСОВ.

**Прашање/констатција:**

Г-ѓата Светлана Глигорова (МЖСПП): Кој е уделот на индустриски отпадни води кои ќе бидат третирани во ПСОВ Кочани?

**Одговор:**

Г-ца Ана Десподовска (ДЕКОНС-ЕМА): Од вкупно 65.000 ЕЖ (капацитет за кој е проектирана идната пречистителна станица), индустријата учествува со 10.000 ЕЖ, а домаќинствата учествуваат со 55.000 ЕЖ.

Г-ѓа Менка Спировска (ДЕКОНС-ЕМА): Предвидено е индустриските отпадни води да бидат испуштани во канализационот систем со одреден предтретман.

Г-ца Ана Десподовска (Деконс ЕМА): Добро е да се даде и информацијата дека идната пречистителна станица за отпадни води ќе биде обезбедена и со приклучок за прифаќање на водата од септичките јами.

**Прашање/констатција:**

Г-ѓа Светлана Глигорова (МЖСПП): Дали ќе има инсталирано филтри за емисии на миризба?

**Одговор:**

Г-ца Ана Десподовска (ДЕКОНС-ЕМА): Единиците за предтретман ќе бидат во затворен објект, обезбедени со филтри. Објектите каде што ќе се постапува со милта исто така се обезбедени со филтри.

**Прашање/констатција:**

Г-дин Владо Атанасовски (МЖСПП): Дали сите индустриски капацитети во и надвор од Градот мора да се приспособат кон одредени параметри (квалитет на испуштена отпадна вода) пред испуштање на отпадна вода во колекторскиот систем?

**Одговор:**

Г-ѓа Менка Спировска (ДЕКОНС-ЕМА): Да, сите индустриски капацитети кои ќе се вклучат во колекторскиот систем треба да имаат предтретман т.е. да ја приспособат отпадната вода пред исфрлање во колекторскиот систем со одредени критериуми за прием во колекторски систем, пропишани од ЈП Водовод.

**Прашање/констатција:**

Г-дин Владо Атанасов (МЖСПП): Дали тоа значи дека сите индустриски капацитети задолжително морат да се приклучат или може и да не се приклучуваат?

**Одговор:**

Г-ѓа Менка Спировска (ДЕКОНС-ЕМА): Сите индустриски капацитети од Градот, но и планираните населени места и индустриските зони, што ќе се вклучат во колекторскиот систем треба да ги задоволат критериумите, за кои говоревме во претходниот одговор. Оние правни субјекти, кои нема да се вклучат во колекторскиот систем ќе треба да имаат свој пречистителни станици и врз основа на прибавена дозвола за испуштање третирана отпадна вода во површински водоток, од МЖСПП, да ги испуштаат претходно третираните отрпадни води.

Г-дин Бојан Пеливаноски (WTE): Во врска од отпадните води од индустриите, ќе се прави детална анализа во следната година и пол и ќе се дефинират индустриите кои би претставувале одреден ризик за ПСОВ. Со општината ќе се дефинира како би се постапило со овие индустрии кои се потенцијален ризик за ПСОВ.

Г-дин Никола Вангелов (ЕБП консултант): ЈП Водовод ќе направи договор со сите индустриски корисници според кој  отпадната вода треба да се доведе до квалитет на урбана отпадна вода.

**Прашање/констатција:**

Г-ѓаСветлана Глигорова (МЖСПП): Колку ќе биде цената по $м^3$ за отпадна вода?

**Одговор:**

Г-ѓа Менка Спировска (ДЕКОНС-ЕМА): Тоа ќе биде определено со одлука, донесена од општина Кочани и ЈП Водовод.

**Прашање/констатција:**

Г-ца Ирина Николовска (МЖСПП): Бидејќи е предвидено по третманот на милта истата да се користи на земјоделските површини, дали ќе има превземачи и како ќе биде управувано тоа?

**Одговор:**

Г-ца Ана Десподовска (ДЕКОНС-ЕМА): Ќе се склучуваат договори со земјоделците кои ќе го земаат компостот.

Г-ѓа Менка Спировска (ДЕКОНС-ЕМА): Ќе биде испитуван квалитетот на милта и компостот, а оние што ќе аплицираат за превземање на компостот мора да исполнуваат одредени критериуми како и врз основа на кои критериуми и постапки ќе го прават тоа. Сеакако идниот оператор со пречистителната станица ќе направи план или програма за постапување со компостот.

По исцрпениот дневен ред, јавната расправа заврши во 13:30 часот.
Составен дел на овој записник е Списокот на присутни, даден во прилог.

Скопје 10.04.2017

Записникот го составил:
Александар Петковски

Листа на присутни лица на Јавната расправа за проектот: Изградба на пречистителна станица за отпадни води во Кочани на 07.04.2017 година (петок), во зградата на општина Кочани со почеток во 12.00 часот.

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар Петковски | МЖСПП | 072 435 460 a.petkovski@moepp.gov.mk |
| 2 | Сашо Илиќ | МЖСПП | 02 2265 60 s.ilic@moepp.gov.mk |
| 3 | Светлана Глигорова | МЖСПП | 070 243 398 s.gligorova@moepp.gov.mk |
| 4 | Влатко Атанасовски | МЖСПП | 075 240 975 k.atanasovski@moepp.gov.mk |
| 5 | Ана Десподовска | Дејконс – ЕМА | 078 252-903 a.despodovska@ema.com.mk |
| 6 | Ирена Николовска | ИСКЗ - МЖСПП | 076 455-023 i.nikolovska@moepp.gov.mk |
| 7 | Петар Апостолов | Општина Кочани | 072 275-601 p.apostolov@kocani.gov.mk |
| 8 | Пеливановски Бојан | WTE Wassertechnik GmbH | bojan.pelivanovski@wte.de |
| 9 | Јулијана Ганевска | ЕБР - консултант | 070-312-299 lpo.kocani@gmail.com |
| 10 | Сања Гаштарова | — " — | 078/26-26-84 lpo.kocani@gmail.com |
| 11 | Николчо Данделов | ЕБР консултант | 070/573-803 lpo.kocani@gmail.com |
| 12 | Зоран Христов | Општина Кочани | 072/275-647 zoran.hristov@kocani.gov.mk |
| 13 | Лела Георгиевска | Општина Кочани | 070/250-694 l.georgievska@kocani.gov.mk |
| 14 | Марија Зојчикова | Општина Кочани | 078/613-771 zojcikova@yahoo.com |
| 15 | Дарко Нелков | ЈУРС Брегалница | 070-396-676 d.nelkov@hotmail.com |
| 16 | Арсенко Славчев | Водовод "Кочани" | 070-213-115 vodovod@vodovodkocani.com.mk |
| 17 | Марија Салтирова Јовановска | Општина Кочани | 078-306-087 marija@kocani.gov.mk |
| 18 | Ценка Спировска | "Дејконс - ЕМА" | 078 252 676 c.spirovska@ema.com.mk |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |